**20241602778**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 41 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 јули 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 15/24) во делот III по точката 2 се додава нова точка 2-а која гласи:

„2-а. Изработка на урбанистички планови и планско-проектни документации за железничка делница Скопје (со крак до Меѓународен аеродром Скопје) – Државна граница (помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија), за потребите на Министерството за транспорт;“.

Точката 26 се менува и гласи:

„Изработка на урбанистички планови и планско-проектни документации за потребите на Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност;“.

По точката 27 се додаваат две нови точки 27-а и 27-б кои гласат:

„27-а. Изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 02, Општина Гази Баба;

„27-б. Изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 03, Општина Гази Баба;“.

II

Во делот IV во точката 1 зборовите „и врски“ се бришат.

Во точката 2 во воведната реченица зборовите „и врски“ се бришат.

III

Во делот V зборовите „и врски“ се бришат.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6377/3
24 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.